Билјана РИСТОВСКА - ЈОСИФОВСКА

УДК 94(497)(=81)
„1601(049.3)

КРАЛОТ ВОЛКАШИН И УГЛЕША[1] МРЊАВЧЕВИ ВО ДЕЛОТО НА МАВРО ОРБИНИ „КРАЛСТВОТО НА СЛОВЕНИТЕ“

Ќе бидат претставени податоците што ги дава Мавро Орбини во „Кралството на Словените“ (1601) за времето на владеењето на кралот Волкашин и Углеша Мрњавчеви во Македонија. Притоа ќе биде обрнато внимание на поважните моменти од Орбиниевите известувања, како и на начинот на именувањето на Мрњавчевци.

Клучни зборови: Мавро Орбини - Волкашин и Углеша Мрњавчеви - битката на Косово Поле - смртта на Урош - битката на р. Марица - Гојко.

Мавро Орбини во своето дело „Кралството на Словените“ (1601) го опфаќа периодот до доаѓањето на Турците на Балканскиот Полуостров и притоа дава директни или индиректни податоци и за Македонија. На Мрњавчевци им посветува едно цело поглавје, спомнувајќи ги честопати и во другиот дел од книгата што се однесува за периодот на нивното владеење. Тој не испушта речиси ниеден од важните моменти од историјатот на оваа династија. Некои настани се предадени во кратки црти, а за други опширно и детално раскажува, каков што е случајот со битката на Марица, борбата меѓу Марко и Балша за градот Костур итн. Но, без разлика колку место им отстапил и без разлика на кој начин ги третира настаните и личностите, Орбини секогаш има точно утврден суд и, што е во случајов битно, Мрњавчевци ги разгледува посебно од другите. Со самото тоа, без

[1] Во еден поменик на светогорскиот Протат од крајот на XIV век се спомнуваат 'Δημητρίου κράλη καὶ Ἰω(άννου) δεσπότου'. Кралот Димитрија и деспотот Јован се идентификуваат, со право, со кралот Волкашин и неговиот брат деспотот Јован Углеша. Ваквата традиција за двојно именување била особено крактеристична за јужните пределе на српската држава во XIV век (Иван Ђурић, Поменик светогорског Протата с краја XIV века.- Зборник радова Византолошког института, XX, Београд, 1981, 154 и 165; сп.: Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје, 1994, 209).

оглед како ги именува, тој им дава значење и ги смета достојни за почит. За Мрњавчевата фамилија дава информации на повеќе места во книгата, но хронолошки започнува да расправа во посебното поглавје за кралот Волкашин, каде што се објавени неговото генеалошко стебло и грбот[2].

Она што е многу важно е начинот на којшто ги именува. Во изворите името тој првпат го именува нивниот татко како Мрњава, по што подоцна било изведено и прифатено презимето *Мрњавчевиќ* во српската народна традиција и историографија[3]. Меѓутоа, не само што за ваквото именување нема никаква потврда во изворите, туку тоа е и сосема неточно. Треба да се има предвид дека на овие простори презимето воопшто се јавува многу доцна, што се должи на застареното општествено уредување, како и на фактот што Македонците биле во контакт со народи кои исто така не знаеле за презиме[4]. За да се означи нечие потекло, вообичаено било да се именува некој како нечиј син[5]. Затоа, нашето именување на браќата Волкашин и Углеша како *Мрњавчеви* не значи креирање ново презиме или превод на српската форма *Мрњавчевиќ*, туку само именување на Волкашин и Углеша како синови на Мрњава, односно Мрњавчеви или Мрњавови синови. За означување на нивната фамилија ќе го употребуваме фамилијарното име *Мрњавчевци*[6].

---

[2] Мавро Орбин, Краљевство Словена, Чланови редакције Фрањо Баришић, Радован Самарџић, Сима Ћирковић, Београд, 1968, 48-49. Според А. В. Соловјев, на Орбини веројатно му бил познат Корениковиот грбовник, а од Охмучевиќевиот грбовник зел грбови од единаесет владетели и големци. Меѓу нив се наоѓа и грбот на Волкашин (Александар В. Соловјев, Постанак илирске хералдике и породица Охмучевић.- Гласник Скопског научног друштва, књ. XII, 6, Скопље, 1932, 80 и 102). Петар Охмучевиќ станал несвесно прв хералдичар меѓу јужните Словени, а свесно прв поборник за единство на јужните Словени, откривајќи ги или создавајќи ги грбовите на јужнословенските народи и земји, со што станал еден од првите поборници на илиризмот, претходник на Орбини и други (Александар Матковски, Грбовите на Македонија /Прилог кон македонската хералдика/, Скопје, 1990, 52-53).

[3] Блаже Ристовски, Кон проучувањето на Кралот Марко во историјата и во традицијата. Зб.: Кралот Марко во историјата и во традицијата. Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на кралот Марко. Прилеп, 23-25 јуни 1995 година, Прилеп, 1997, 15, бел. 34.

[4] Трајко Стаматоски, Презимето во системот на именувањето кај Македонците. Во кн: Македонска ономастика, Скопје, 1990, 168-172.

[5] Александар Матковски, За историското потекло на македонските имиња и презимиња.- Историја, X, бр. 1, Скопје, 1974, 188-189.

[6] Во однос на именувањето на Мрњавчевци, Ѓорѓија Пулевски е многу карактеристичен. Според него, нивниот татко е *Мрњак*, синовите се *Мрњови*, па оттаму и нивното родословие е *мрњовско*; Волкашин е *В'лкаш*, а тие сите се *Мрњовци* или *Мрњавчевци* (Билјана Ристовска - Јосифовска, Кралевите Волкашин и Марко во

Уште на самиот почеток Мавро Орбини ја насликува состојбата во Српското Царство и најавува кажување за делата на четворицата велможи, кои, по гаснењето на Немањиќевската династија, го зазеле царството уште во времето на последниот цар Урош[7]. Според него, Мрњавчеви водат потекло од Ливно, како синови на сиромашниот властелин Мрњава, издигнат од самиот Душан[8]. Меѓутоа, постојат и други претпоставки за нивното родно место. Во кратката ракописна историја на Зографскиот манастир се вели: „Вѫка́шинъ бѣ ро́домъ а҃рна҃вецъ, племено́мъ и҃з҃ Ерцегови́не ѿ се́ло ѿпанцы“[9]. Вук Караџиќ тврди дека во Далмација во с. Ловреќ постојат ѕидини познати како Мрњавчева Градина, каде што е сега с. Опанци и каде што, според традицијата, бил роден Волкашин. Истиот соопштува дека недалеку од Опанци имало мноштво камења наречени „Краљевића Скакала“[10]. Паисиј Хилендарски, пак, вели дека се од родот на бугарските цареви, сродници на Стефановата царица Елена[11]. Сепак, најважно е што при анализата на овој проблем секогаш е земано во обѕир и Орбиниевото пишување.

Појавата на Мрњавчевци на историската сцена се должи на започнатиот процес на феудален сепаратизам во Душановата држава во 40-те години на XIV век (со отцепувањето на Хрела во 1340 или 1341 година, а потоа и на други феудалци)[12]. Блискоста на Мрњавчевата фамилија до српскиот крал, Орбини ја искажува токму со соопштението дека Стефан ги зел Мрњава со жената и децата на својот двор[13].

„Славјанскомаќедонската општа историја“ на Ѓорѓија Пулевски. Зб.: Кралот Марко во историјата и во традицијата, 120).

[7] Мавро Орбин, Краљевство Словена, 49.

[8] На истото место, 49.

[9] Йордан Иванов, Български старини из Македония. Под редакцията на проф. Боню Ангелов и проф. Димитър Ангелов [фототипно издание], София, 1970, 641; Лазар Мирковић, Мрњавчевићи.- „Старинар“, III (1924-1925), Београд, 1925, 11. Ѓурић истакнува дека податоците што се однесуваат за Волкашин и Углеша колку што упатуваат на Херцеговина, исто толку упатуваат и на Македонија, кога се однесува за нивната подоцнежна дејност (Иван Ђурић, Поменик светогорског Протата с краја XIV века, 156).

[10] Лазар Мирковић, Мрњавчевићи, 11-12.

[11] Паисий Хилендарски, Славянобългарска история. Подъ редакцията на Петъръ Динековъ, второ издание, София, 1942, 77.

[12] Евгени П. Наумов, Феудалниот сепаратизам и политиката на Душан во 1342-1355 година,- Историја, IV, 2, Скопје, 1968, 63-66.

[13] Мавро Орбин, цит. дело, 50.

Но околу 1351-1352 или 1352-1353 година е спроведена внатрешна реорганизација во државата, како црковна (создадени се нови митрополии и епархии) така и територијална (поместена е внатрешната граница меѓу Душановите поседи: кралството на Урош и императорските провинции[14]). Царот Душан, според Мавро Орбини, „крајот што се простира од Серес до Дунав" им го отстапил на Крале[15] и Углеша, од кои првиот бил негов пехарник, а вториот главен коњушар[16]. Во врска со нивните позиции во државата, Орбини ги става во редот на советниците што секогаш стоеле до царот: „Волкашин челник и неговиот брат Углеша"[17]. Но Волкашин веќе во 1350 година бил жупан во прилепскиот крај, а брат му Углеша во 1346 година кратко време бил Душанов намесник во околината на Дубровник, околу Конавле и Требиње[18]. Границите, пак, на областа за која Орбини известува не се совпаѓаат во целост со областа во која владеел Волкашин и во која влегувале градовите Прилеп, Битола, Преспа, Охрид, Скопје, Призрен, Ново Брдо и други[19] и областа на неговиот брат Углеша со престолнина во Серес[20].

По смртта на царот Душан настанува династичка борба меѓу неговиот деветнаесетгодишен син Урош и Душановиот прибрат Симеон. Царицата Елена, пак, ги имала на исток Серес и на запад Улцињ, но наскоро се замонашила, земајќи го монашкото име Елисавета[21]. Симеон и царицата Елена сакале да управуваат од името на Урош, но српската држава се распаднала на повеќе области под

[14] Евгениј П. Наумов, Петте последни години на Стефан Душан (Централната власт и феудалните групации во 1351-1355 г.).- „Историја", VI, 2, Скопје, 1970, 94-95.

[15] Според српскиот превод е *Кралес* (Мавро Орбин, цит. дело, 42), а во италијанскиот текст на Орбини е „Chrale" (Mauro Orbini, Il Regno degli Slavi, 1601. Nachdruck besorgt von Sima Ćirković und Peter Rehder, Mit einem Vorword von Sima Ćirković, München, 1985 [фототипно издание], 267). Во Орбиниевото дело името *Крале* за Волкашин се среќава само на едно место.

[16] Мавро Орбин, цит. дело, 42.

[17] На истото место, 42. Углеша во тоа време бил на функцијата „голем војвода" (Раде Михаљчић, Крај српског царства, Београд, 1975, 82).

[18] Лазар Мирковић, Мрњавчевићи,12; Раде Михаљчић, Цар и краљ: неуспешно савладарство, Во кн.: Историја српског народа, I, Београд, 1981, 586; истиот, Крај српског царства, 80.

[19] Бранко Панов, Охрид и Охридската област во XIII и XIV век. Во кн.: Средновековна Македонија, III, Скопје, 1985, 804; истиот, Охрид и кралството на Волкашин и Марко.- Кралот Марко во историјата и во традицијата, 47.

[20] Константин Јиречек, Историја Срба, прва књига до 1537 године, Београд, 1952, 247; Раде Михаљчић, Цар и краљ: неуспешно савладарство, 590.

[21] Константин Јиречек, Историја Срба, I, 237.

власта на обласните големци[22]. Мавро Орбини соопштува дека некои големци ја искористиле смртта на Душан за да бидат „поголеми отколку што биле", а меѓу нив биле и Волкашин и брат му Углеша, како и кнезот Воислав, од кои секој бил на чело на најважните земји на државата[23].

Царот Урош како престолонаследник бил млад и помалку способен од татка си. Тој ги отфрлал советите на постарите, а ги слушал оние од помладите[24]. Според Орбини, некои го советувале Уроша да ги затвори Волкашин, кнезот Воислав и други, но тој не само што не ги послушал, туку на обвинетите им дал поголеми титули и ги предупредил. Волкашин добил и многу покраини и „титулата крал", а потоа „почнал да угнетува многу личности"[25].

Со тоа е воспоставено совладетелство меѓу Урош и Волкашин, направено во август или септември 1365 година, кога Углеша првпат се спомнува како деспот[26]. Според Острогорски, заслужува внимание известувањето на Орбини за легалното и по мирен пат крунисување на Волкашин за крал[27], бидејќи тој, како што истакнува Ќирковиќ, користел извор што сè уште не бил под влијание на легендата за узурпација на власта и титулата[28]. Според некои постари извори, пред да биде прогласен за крал, Волкашин имал деспотска титула, на што укажува и Орбиниевото именување на Волкашин како „Vucascin Despot, & Uggliescia suo fratello"[29]. Потоа Орбини ги лоцира територииите на сите големци во државата. Кралот Волкашин отпрвин ја одредил за свој престолен град Приштина и ја држел сета околна земја, а брат му Углеша ја имал целата Романија до Солун, Бер и други градови[30].

---

[22] Константин Иречек, История на българите. С поправки и добавки от самия автор. Под редакцията на проф. Петър Хр. Петров, София, 1978, 366.
[23] Мавро Орбин, цит. дело, 43.
[24] Константин Јиречек, Историја Срба, I, 238.
[25] Мавро Орбин, цит. дело, 43.
[26] Раде Михаљчић, Крај српског царства, 96.
[27] Георгије Острогорски, Серска област после Душанове смрти. Во кн: Византија и Словени, 443-444.
[28] Сима Ћирковић, Коментари и извори. Во кн.: Краљевство Словена, 309.
[29] Mauro Orbini, цит. дело, 268; Георгије Острогорски, Серска област после Душанове смрти, 445-446.
[30] Мавро Орбин, цит. дело, 44; Константин Јиречек, Историја Срба, I, 246-247. „Околу Серес било создадено независното кнежевство од страна на Углеша. Околу Прилеп па сè до Скопје и Призрен се наоѓале владенија на Волкашин" (Бранко Панов, Српската хегемонија на Балканот и паѓањето на поголем дел на Македонија под српска власт, 96); Раде Михаљчић, Цар и краљ: неуспешно савладарство, 590; Георгија Острогорски, Серска област, 457-483.

Крунисувањето за крал на еден способен големец, како што е Волкашин, го забрзало опаѓањето на централната власт и распадот на државата. Волкашин бил крал што не потекнувал од Немањиќевската династија и затоа за другите големци бил натрапник, кому тие и решително му се спротиставиле[31]. Судирот се одиграл подоцна меѓу браќата Волкашин и Углеша, на едната страна, и Никола Алтомановиќ, Лазар Хребељановиќ и царот Урош, на другата, во 1369 година на Косово Поле[32].

Тоа претставуваше, всушност, судир меѓу српските големци и новата македонска династија. Мавро Орбини вака ја објаснува причината за судирот: „Личните успеси на Волкашин и Углеша не можеа да ги трпат кнезот Лазар и жупанот Никола Алтомановиќ, по нив први големци во Рашка"[33]. На своја страна го придобиле и царот Урош, „ветувајќи му дека сé што ќе им одземат ќе му припадне на царот Урош, за кого тие ќе се заложат да го добие татковото кралство"[34]. Во овој конфликт, како што објаснува Орбини, не се замешал Ѓураќ Балша, бидејќи бил зет на Волкашин[35]. На Дубровчаните, пак, Волкашин „во целиот живот им се прикажувал како пријател", „освен што во 1369 година им се налутил поради Уроша, верувајќи дека тие го поттикнале да го дигне оружјето против него"[36]. Тоа е причината, како што известува Орбини, поради која Волкашин подготвил голема војска да тргне против нив, но од тоа се откажал по наговор на испратениот од страна на Дубровчаните Влахо Вука Бобалевиќ[37].

---

[31] Раде Михаљчиќ, Крај српског царства, 101.

[32] Блаже Ристовски, Кон проучувањето на Кралот Марко во историјата и во традицијата, 15. Иречек го негира одигрувањето на оваа битка (Константин Јиречек, Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани.- Зборник Константина Јиречека, I, Београд, 1959, 375), додека Михаљчиќ смета дека е прифатлива годината на битката на обласните господари на Косово што ја наведува Орбини (Раде Михаљчиќ, Крај српског царства, 120-121).

[33] Мавро Орбин, цит. дело, 50.

[34] На истото место, 50.

[35] Една пак друга ќерка, по име Рушна, Волкашин ја омажил за цариградскиот цар Јован Кантакузин-Матеј. Бидејќи овој бил во војна со зета си Јован Палеолог и сакал да ја зацврсти својата позиција, ја запросил Рушна, којашто Волкашин веднаш му ја дал и ѝ ги назначил во мираз сите подрачја што ги поседувал во Албанија. Кога Матеј загинал во една битка, оставил син по име Ѓураќ и две ќерки: Елена, царица на Трапезунт, и Ирина, којашто била омажена за српскиот деспот Ѓураќ. Потоа Орбини кажува дека, според Јован Леунклавиј, Ирина била внука на Волкашин (На истото место, 51).

[36] На истото место, 53.

[37] На истото место, 53.

За самата битка на Косово Поле Мавро Орбини соопштува: „Кога тука започнала битката, кнезот Лазар се повлекол со своите чети и избегал. Никола Алтомановиќ, пак, кој сакал да се бори, бил поразен, неговите луѓе испоубиени, та и самиот одвај успеал да се спаси. Царот Урош бил фатен жив со неколкумина феудалци од неговиот двор, додека другите биле испоубиени“[38].

За судбината на царот Урош Орбини накратко соопштува кога зборува за битката на Косово Поле и за последиците од неа. Според Орбини: „Кога беше поразен царот Урош и фатен во битката, кралот Волкашин го однел во Рашка, каде што ги завршил своите денови на веќе опишаниот начин“[39]. Поопширно за неговите неволји, нарекувајќи го „страшливиот цар, кој во времето на својот живот дозволил да му го заземат царството“, Орбини раскажува дека извесно време Урош престојувал кај кралот Волкашин, којшто му доделил мала област за издржување, за потоа да премине кај кнезот Лазар. Но бидејќи и овој на сличен начин постапувал со него, се вратил кај Волкашин. Поради лошиот третман од страна на Волкашин, царот Урош решил да избега во Дубровник, за чијашто намера дознал Волкашин и го усмртил со удар на боздоганот по глава. „Замотувајќи го потоа во еден килим, дал да го закопаат во Шареник, во областа на Скопје“[40].

Годината на неговата смрт Орбини ја одредува според смртта на царицата Елена. Тој вели дека таа „умрела во очајување три години по смртта на својот син, царот Урош, која настапила во 1371 година“[41]. Ако ова известување се однесува за смртта на Урош, тоа е точно. Но, ако се однесува за Елена, датумот на нејзината смрт не се смета за точен, бидејќи таа умрела дури на 7 ноември 1376 година[42]. Ако сметаме дека Орбини ја згрешил годината, а не и времето што изминало од смртта на син ѝ, излегува дека Урош умрел три години пред тоа - во 1373 година, што исто така не е точно, зашто тој умрел во 1371 година. Тоа би значело дека Орбини, всушност, не го знаел точниот датум на неговата смрт.

Начинот на прераскажувањето на Урошевата смрт е во согласност со подоцна изградената традиција што го претставува Волкашина како убиец на царот Урош. Првпат се спомнува во изво-

[38] На истото место, 50.
[39] На истото место, 51.
[40] На истото место, 46.
[41] На истото место, 47.
[42] Сима Ќирковиќ, Коментари и извори, 312.

рите предизвикување насилна смрт на Урош во житието на Св. Јован Рилски, составено во 1453-1479 година од Димитриј Кантакузен, според кое браќата Волкашин и Углеша му го зеле престолот на Уроша, а во друга верзија злосторството му се припишува само на Углеша. Во постарите летописи Урошевата смрт доаѓа по Маричката битка, а во поновите Волкашин го усмртува со удар со боздоган или со давење[43]. Околу ова прашање полемизирале повеќемина истражувачи, меѓу кои и Ј. Раиќ, И. Руварац, Љ. Ковачевиќ, П. Срећковиќ, В. Качановски, Љ. Ковачевиќ и други[44].

Негативниот однос кон Мрњавчевци е присутен особено во постарата српска историографија[45]. Тој потекнува од третманот на кралот Волкашин како узурпатор на престолот, иако вистинскиот узурпатор бил Душановиот полубрат Симеон, којшто се прогласил за цар. Волкашин станал крал на тогаш сосема легален начин, бидејќи само царската круна можела да се узурпира, а кралската се добивала. Сепак, тој останал во немилост, особено по прогласувањето на неговиот син Марко за „млад крал", со што го обезбедил престолот за сина си. Со тоа била загрозена и со текот на времето потиснатa „светородната династија на Немањиќевците"[46]. Како еден од доказите дека нема место да се зборува за узурпација на престолот, според Ѓурић, е и фактот што Волкашин не се нарекувал самодржец и никогаш не го користел титуларното име Стефан[47]. Освен тоа, во

[43] Константин Јиречек, Историја Срба, I, 253. Во Житието на царот Урош од Паисиј Јањевац, за Урошовото наводно убиство се вели: „И поминаа неколку години, а Волкашин разжестувајќи се, леле праведен суде, и го упати ѓаволот, којшто од искона го мрази доброто, Волкашин ратоборецот, та тој ги упати своите слуги на убиството (Урошево). По неколку дена излегоа (Волкашин и Урош) во лов како што имало обичај, и таму (Урош) го прими крајот на животот, го убија наполно невин" (Паисије Јањевац, Житије цара Уроша. Старе српске биографије. Избор и предговор Димитрије Богдановић, Београд, 1968, 256-257). Сп.: Никола Банашевић, Летопис попа Дукљанина и народна предања, Београд, 1971, 193-196.

[44] Константин Јиречек, Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани, 341-342.

[45] Пантелија С.Срећковић, Краљ Вукашин убио цара Уроша, Београд, 1881; истиот, Краљ Вукашин сринуо с престола и убио цара Уроша, Београд, 1886;.

[46] Раде Михаљчић, Крај српског царства, 96-97. Во Житието на царот Урош Паисије Јањевац соопштува: „Едни беа помагачи на царот Урош, а така е и праведно, а други на Волкашин неправедно, така што имаше голем метеж и разногласија и неправди. Покрај неправедниот суд имаше и голема жал, бидејќи со насилство го грабна неговиот престол, по толку заклетви и завештанија повторно се покажа како престапник" (Паисије Јањевац, Житије цара Уроша, 255-256).

[47] Иван Ђурић, Поменик светогорског Протата, 157.

врска со датумот на неговата смрт, докажано е дека Урош не само што не е убиен од Волкашин, туку тој го надживеал него и веројатно умрел на 2 или 4 декември 1371 година[48].

Понатаму авторот на „Кралството на Словените" соопштува дека Волкашин „со својот брат Угљеша решиле да ги лишат од власта кнезот Лазар и Никола Алтомановиќ и наполно да ги уништат, за да не можат да ги спречуваат при потфатите што сакале да ги направат"[49]. Меѓутоа, поради опасноста од Турците што продирале во нивната земја, решиле првин „да им се одмаздат на Турците"[50].

Вистина е дека Волкашин и син му Марко од пролетта на 1371 година, заедно со своите пријатели Балшите, подготвувале напад на Никола Алтомановиќ[51]. Во почетокот на јуни кралот Волкашин бил очекуван на патот од Скопје до Призрен, а подоцна со својот син Марко се затаборил кај Скадар, од каде што, заедно со Ѓураќ Балша[52], требало да тргнат кон Оногошт против жупанот Никола. Дубровчаните, како членови на коалицијата, требало да обезбедат префрлување на трупите, а босанскиот бан Твртко и кнезот Лазар, кои биле во непријателски односи со Никола, секако, благонаклоно гледале на овој напад[53], којшто потоа бил одложен.

По освојувањето на Галиполе во 1354 година, Турците пристапиле кон систематско заземање на Балканскиот Полуостров. Почнале да ги напаѓаат и териториите на Угљеша, којшто во почетокот успешно се борел против тие, најверојатно, ограбувачки напади[54]. Орбини соопштува дека Угљеша бил во постојана војна со Турците што биле на границите на неговите области и секогаш излегувал како победник, поради што тие „ја загубиле секоја сила и одважност што претходно ја покажувале во војната"[55]. Покрај Угљешовата држава, загрозени биле и територииите на Византија и Бугарија, но единствено

[48] Раде Михаљчић, Крај српског царства, 162. Два месеца по Маричката битка умрел царот Урош, во четвртокот на 4 декември 1371 година, на 35 години (Константин Јиречек, Историја Срба, I,252).

[49] Мавро Орбин, цит. дело, 51.

[50] На истото место, 51-52.

[51] Поради исчезнувањето на дубровничките акти за 1368/69 и следните десет години, не е јасно дали овие воени подготовки се почеток или крај на непријателствата (Раде Михаљчић, Крај српског царства, 117).

[52] Според Мавро Орбин и Волкашин живеел во мир со Балша, зашто овој бил женет со ќерка му Милица. По смртта на Волкашина се преженил со Теодора, поранешната сопруга на Жарко Мркшиќ, сестра на Дејановите синови Драгаш и Константин (Мавро Орбин, цит. дело, 64).

[53] Раде Михаљчић, Крај српског царства, 137.

[54] Истиот, Маричка битка. Во кн.: Историја српског народа, I, 599.

[55] Мавро Орбин, цит. дело, 50.

браќата Мрњавчеви имале храброст во тој момент да им се спротистават на Османлиите, а Волкашин бил „единствен државник на Балканот што од моментно незагрозените краеви му помогнал на деспотот Углеша“[56].

Браќата Мрњавчеви решиле да извршат трајно протерување на Турците и затоа продреле близу до новата турска престолнина Одрин[57]. Во раните часови на 26 септември 1371 година кај тракиската крепост Черномен, изненадени од Турците, Углеша и Волкашин претрпуваат пораз и загинуваат со голем дел од војската[58]. За патот по кој одела војската на Мрњавчеви, како и за самиот тек на битката, нема многу изворни податоци. Записите на Исаија се однесуваат повеќе за последиците, одошто за самата битка, додека врз известувањата од подоцнешните автори не можеме со сигурност да се потпреме[59].

Такво е и Орбиниевото опширно раскажување за Маричката битка. Тој известува дека Мрњавчеви подготвиле војска од дваесет илјади луѓе и тргнале во потрага по Турците сè до Тракија, којашто во голем дел ја зазеле, ја ограбиле и ја опожариле и се вратиле, не внимавајќи на војничкиот ред. Турците го следеле нивното движење од планините и со три илјади свои „најодважни луѓе“ ја нападнале заднината на непријателската војска и ја разбиле. Наведувајќи го Лаоник Халкокондил како извор, Орбини вели дека „Сулејман третиот по ред и прв со ова име“[60] (треба да стои Мурат I /1359-1389/) ги нападнал Волкашин и Углеша. Тие им притрчале на помош на своите војски, кои без војнички ред бегале пред Турците. Кога виделе дека војската на Мрњавчеви им доаѓа во пресрет, Турците причекале

[56] Раде Михаљчић, Маричка битка. Во кн.: Историја српског народа, I. 599.

[57] На истото место, 599.

[58] Христо Матанов - Румяна Михнева, От Галиполи до Лепанто, София, 1988, 49-50.

[59] Георгије Острогорски, Серска област, 609-610. Во османлиските извори, двете битки кај Черномен (1364 и 1371 година) се прикажани главно како една. Меѓутоа, како што истакнува Ф. Башар, известувањата за битката забележена како „Sırp Sindiği Savaşi“ од 1364 година, што ги даваат Оруч Б. Адил, Ашик Паша Заде, Нешир Рухи Челеби Хадида и Љутфи Паша, всушност се однесуваат за битката од 1371 година. Од записите, пак, на Хоџа Садедин Ефенди и Мунеџимбаши се дознава дека битката меѓу Османлиите и сојузничките сили е битката од 1364 година (Фахетин Башар, Битката на Черномен во балканската историја. Зб.: Кралот Марко во историјата и во традицијата, 88-90).

[60] Мавро Орбин, цит. дело, 52. На маргината на истото место стои: „Волкашин и Углеша поразени од Сулејман III“. Меѓутоа, Сулејман III владеел од 1687 до 1691 година, што значи дека се работи за некаква грешка. Во времето за кое зборува Орбини владеел султанот Мурат I (1359-1389). Орбиниевото пишување „и првиот со ова име“, би можело да значи дека мислел токму на Мурат I.

и искористувајќи ја големата збрка што настанала во редовите на војската на браќата Мрњавчеви удриле со голема жестина и ги натерале во бегство. Потоа Орбини зборува за резултатот од битката: „Гонети од Турците и натерани до реката Хебра, сега Марица, се фрлија во неа со коњите за да не паднат во рацете на непријателот. Истото тоа го сторија и други истакнати личности, од кои поголемиот број се удавија во споменатата река“[61].

За судбината на браќата Мрњавчеви Орбини известува за секој од нив посебно. Така, меѓу загинатите во битката тој ги набројува „и Углеша и неговиот брат Гојко, којшто заповедал со војската“, а подетално пишува и за смртта на Волкашин. Според неговото кажување, кога тој „ја преминал реката, чувствувајќи голема жед, почнал да пие вода на еден извор, не симнувајќи се од коњот. Додека така наведнат пиел, го убил неговиот паж Никола Хрсоевиќ заради ѓерданот што му висел на вратот“[62]. Местото на настанот Мавро Орбини го лоцира „кај селото Караманли близу до градот Черномен во Тракија“, од каде што телото на Волкашин било пренесено во црквата „Св. Димитрија“ во Сушица. Телата на другите двајца браќа Углеша и Гојко никогаш не биле пронајдени, а останатите, кои не загинале во битката, биле фатени и одведени во ропство. Орбини го знае и точниот датум на битката 26 септември 1371 година[63].

Во науката сè уште се води расправа околу начинот на загинувањето на браќата Волкашин и Углеша, како и за постоење и на третиот брат Гојко. Некои истражувачи последниов не го сметаат за историска личност (П. Поповиќ, Н. И. Кравцов, И. Н. Голенишчев-Кутузов)[64]. Сепак, не треба и категорично да се отфрли можноста за постоењето на Гојко. Во двете грамоти на царот Душан, издадени во 1355 година, како една од највлијателните личности се јавува царскиот логотет или „великиот логотет“ канцеларот Гојко[65]. Иако не се кажува кон која фамилија припаѓал овој Гојко, познато е дека укажувањето на родството и на највидните феудалци било уште

[61] На истото место, 52.
[62] На истото место, 53.
[63] На истото место, 53.
[64] Евгениј П.Наумов, Јужнословенскиот епос и проблемите на српското средновековие.- „Историја“, IX, 2, Скопје, 1973, 120.
[65] На истото место, 121. Во Житието на царот Урош од Пајсије Јањевац се вели: „А тој (Волкашин) ја раздели власта како што рековме и напред: кесарот Углеша (го постави) во Серес, а во Трново Гојко, а самиот (остана) во српската земја“ (Пајсије Јањевац, Житије цара Уроша, 258). Сп.: Евгениј П. Наумов, Јужнословенскиот епос, 121.

многу ретко сè до 60-те и 70-те години на XIV век, па и тогаш не на сите владејачки семејства. Е. Наумов смета дека „нема основа да се негира постоењето на историски реален прототип на епскиот Гојко (т.е. логотетот на Душан - Гојко)“[66].

Во врска со гробот на Волкашин, Лукариј вели дека тој не бил погребан во манастирот „Св. Димитрија“ (како што кажува Орбини), туку во сушичкиот град што сега се нарекува град на Крале Марко[67], а П. Срећковиќ пишува дека Волкашиновиот гроб се наоѓал во Марковиот манастир, каде што постоела камена плоча со двоглав орел и запис.[68] Засега останува отворено ова прашање, иако преовладува мислењето дека браќата Мрњавчеви загинале на бојното поле и нивните тела не се најдени.

Од досега кажаното произлегува заклучокот дека Мавро Орбини навистина сериозно и опстојно ѝ пристапил на оваа проблематика. Тој настојувал колку што е можно поверодостојно да ги пренесе податоците за Мрњавчевата фамилија што ги црпел од расположливите извори. Токму со тоа што за нив пишува посебно и подробно, Орбини ги претставува Мрњавчеви како значајно поглавје не само во неговата книга, туку и во балканската историја воопшто.

[66] Евгениј П.Наумов, Јужнословенскиот епос, 121.
[67] Лазар Мирковић, цит. дело, 22.
[68] На истото место, 22.

Biljana RISTOVSKA - JOSIFOVSKA

THE KING VOLKASHIN AND UGLESHA MRNJAVCHEVI IN THE WORK OF MAURO ORBINI "THE KINGDOM OF THE SLAVS"

Summary

Mauro Orbini in fis historical work "The Kingdom of the Slavs" (Pesaro, 1601) treats the historical events teel the Turkish arrival on the Balkans. Also he inrofms about Macedonia and the family of Mrnjavchevi. Mauro Orbini dedicated to Mrnjavchevci a whole chapter, mantioning them also in the other part of his work. He didn't miss any important moment from the history of this dynasty.

The way of naming Mrnjavchevi is very important. He is the first who named their father as Mrnjava, after whom latter the prenome Mrnjavchevich was created and accepted in the serbian folk tradition and historiografy. But, this name doesn't have a certification in the sources. Also, the prenome appears much latter on the Balkans. The usual way of defining somebody's origin was to name someone as a son of somebody. That is why we are going to use the name *Mrnjavchevi* witch meens "sons of Mrnjava" and their family name - *Mrnjavchevci*.

Mauro Orbini writes separately and detailed for Mrnjavchevi, treating them not only as an important chapter of his book, but also of the balkan history in general.